Македонско Друштво "Илинден" - Тирана
Shoqata Maqedonase "Ilinden" - Tiranë

# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА



Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА XIII БРОЈ 62 | ТИРАНА - АЛБАНИЈА | www.vesnik-ilinden.com | ISSN 2522-4514 | АПРИЛ/ЈУЛИ 2024 ГОДИНА

## НА ПЛОШТАДОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ПУСТЕЦ Е ПОСТАВЕНА БИСТА НА МАКЕДОНСКИОТ АПОСТОЛ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ




## BUSTI I REVOLUCIONERIT MAQEDONAS GOCE DELLÇEV ËSHTË VENDOSUR NË SHESHIN “GOCE DELLÇEV” NË PUSTEC

### Во овој број

**Страница 2**

ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА ПРВА ЖЕНА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ОД ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА УПАТИ ЧЕСТИТКА ДО ЛИДЕРОТ НА ВМРО – ДПМНЕ, ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, ПО ПОВОД ДВОЈНАТА ИЗБОРНА ПОБЕДА, НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ

**Страница 3**

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”- ТИРАНА СО ЧЕСТИТКА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА МАКЕДОНИЈА ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА

ТРИНАЕСЕТ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“

**Страница 4**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДЕВЕТ ГОДИНИ РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ

БЛАГОДАРНИЦИ „ИЛИНДЕН“ ЗА МОЈСОВА-ЧЕПИШЕВСКА И АНТОНОВСКИ ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО ВО АЛБАНИЈА

**Страница 5**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДЕВЕТ ГОДИНИ РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦИ ”ИЛИНДЕН” НА ЖИВКО ЛАЗАРОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКИ КЛУБ “ИЛИНДЕН”-ЛАЦЕН

**Страница 6**

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА УПАТУВА ЧЕСТИТКИ ДО ПРВАТА ГРУПА СТУДЕНТИ КОИ ГО ЗАВРШИЈА ПРВИОТ ЦИКЛУС ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ВО ТИРАНА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПОДНЕСЕ БАРАЊЕ ДО АЛБАНСКАТА ВЛАДА КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА ДА ПРЕРАСНЕ ВО АГЕНЦИЈА

**Страница 7**

ПОМИНА ПОВЕЌЕ ОД ЕДНА ГОДИНА, ПОВЕЌЕЈАЗИЧНАТА ТАБЛА СÈ УШТЕ НЕ Е ПОСТАВЕНА ВО КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГО АКТУЕЛИЗИРА БАРАЊЕТО ЗА 24-ЧАСОВНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ЏЕПИШТЕ –ТРЕБИШТЕ

**Страница 8**

ОБЈАВЕНА КНИГА ОД СПИРО ДУКОВСКИ “ПОСЛЕДНИТЕ ПРАВОСЛАВНИ СЕМЕЈСТВА ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ДЕБАРСКО ПОЛЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА”

„СО НИВ ПОРАСНАВ“, НАМИК ДОКЛЕ НАПИША 52 ЛЕГЕНДИ ОД ГОРА, ОБЛАСТА ШТО ГИ ОБЕДИНУВА АЛБАНИЈА, МАКЕДОНИЈА И КОСОВО

**Страница 9**

ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НА НОВ ПАТЕН ПРАВЕЦ ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ОБЛАСТА ГОРА

СЕ РЕСТАВРИРА ПЕШТЕРСКАТА ЦРКВА „СВЕТА БОГОРОДИЦА“ НА ОСТРОВОТ МАЛ ГРАД ОБЛАСТА МАЛА ПРЕСПА

ИНТЕРВЈУ НА НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЗА ЦЕНТРАЛНИОТ СОВЕТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГЕРМАНИЈА

## ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА ПРВА ЖЕНА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ОД ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО




Универзитетската професорка Гордана Сиљановска -Давкова е шестиот претседател на Македонија и прва жена која е избрана на оваа позиција. Сиљановска-Давкова поддржана од ВМРО-ДПМНЕ на вториот круг од Претседателските избори одржани на 8 мај 2024 година го победи досегашниот претседател Стево Пендаровски. Според прввичните официјални резултати на Државната изборна комисија (ДИК) Сиљановска – Давкова освила 561.001 глас, а нејзиниот противкандидат Пендаровски 251.881 глас. Во кампањата која ја водеше под слоганот „Македонија повторно горда", Сиљановска-Давкова говореше дека придавката „Северна" нема да ја користи, но ќе стои пред табла со новото уставно име. Таа изјавуваше дека е против уставните измени за внесување на Бугарите во Уставот, но доколку Собранието донесе таква одлука ќе ја почитува, бидејќи Собранието е уставотворен орган. До граѓаните порачуваше дека треба да се почитуваат темелните вредности на нашиот уставен поредок, а Преспанскиот договор за неа, како што велеше, е политички и правно отворено прашање.

По победата на изборите таа вети дека ќе биде претседател на сите граѓани. „Јас тврдам дека ќе се однесувам како претседателка на сите граѓани. Тоа значи на сите етнички групи, на сите членови на партиите, на оние кои не се во партиите, бидејќи не може ниту еден претседател да трага по единство, ако држи партиски линии" - изјави Сиљановска – Давкова. Таа потенцира дека нема поголема промена од тоа за прв пат во нашата држава да има претседател жена.

„Има ли поголема промена од таа за првпат во оваа државичка, држава, жена да стане претседател? Има ли поголема инспирација за умните жени – нема. И јас мислам дека со мене, држете ме до збор, кога ќе се опкружам со жени слични на мене, жени по моделот на Ватцлав Хавел, субверзивни, свои, стамени, кои умеат да изразат став на свој начин, на поинаков начин од машкиот, да го бранат тоа е некаков голем исчекор и тоа е за мене реформски чекор" - потенцираше таа.

Силјановска-Давкова е родена на 11 мај 1953 година во Охрид. Основно и средно образование завршила во Скопје (1973). Дипломирала на Правниот факултет во Скопје (1978), каде што и магистрирала. Докторирала пред комисија предводена од проф. Франц Град со „Cum laude" на Правниот факултет во Љубљана, на тема „Local Selfgovernment – between Norms and Reality" во 1994 година. Била избрана за асистент по предметот политички систем на Правниот факултет во Скопје (1989), за доцент по уставно право и политички систем (1994), а потоа и за редовен професор во 2004 година. Била член на Уставната комисија на Собранието на Македонија (1990-1992) и министер во Владата на Македонија (1992-1994). Експерт за избори на ООН и потпретседател на групата Независни експерти за локална самоуправа при Советот на Европа. Член на Венецијанската комисија. Автор е на стотина научни трудови за уставното право и политичкиот систем.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА УПАТИ ЧЕСТИТКА ДО ЛИДЕРОТ НА ВМРО – ДПМНЕ, ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, ПО ПОВОД ДВОЈНАТА ИЗБОРНА ПОБЕДА, НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ

Македонското друштво “Илинден”-Тирана во име на членовите и Македонците во Албанија денеска упати честитка до лидерот на ВМРО – ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, по повод двојната изборна победа, на претседателските и парламентарните.

Татковината Македонија уште еднаш ја покажа својата зрелост со одржувањето на мирни и демократски избори. Македонските граѓани одбраа кој ќе ги води во наредните четири години. ВМРО-ДПМНЕ со која Вие успешно раководите има направено огромен исчекор, имате огромна поддршка од Македонците од Република Албанија, стои во честитката. Тоа, се додава понатаму, бидејќи напредокот и благодатта на македонскиот народ претставува поттик за истрајност во напорите за негување и промоција на македонскиот национален, јазичен, културен и духовен идентитет на Македонците во соседството. Во мое лично име и во име на друштвото и на Македонците од Република Албанија, уште еднаш го упатуваме нашето највисоко почитување до Вас, убедени во успешноста на владата предводена од вас, за доброто на сите, се нагласува во честитката потпишана од Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”- ТИРАНА СО ЧЕСТИТКА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА МАКЕДОНИЈА ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА




Македонското друштво “Илинден”- Тирана официјално испрати честитка до претседателката Гордана Сиљановска-Давкова за нејзиниот избор изразувајќи и голема поддршка од име на Македонците од Албанија.
Со особено задоволство, во името на Македонско друштво “Илинден”-Тирана и во името на македонското национално малцинство во Република Албанија, Ви ја честитам големата победа за претседател на Република Македонија, која ја покажа својата зрелост со одржувањето на мирни и демократски избори, стои во честитката. Се наведува дека историската победа на претседателските и парламентарните избори, одржани на 8 мај 2024 година означува ново поглавје за Република Македонија, влевајќи надеж и оптимизам за посветла иднина. Имате огромна поддршка од Македонците во Република Албанија, затоа што напредокот и благодатта на македонскиот народ во Република Македонија претставува поттик за истрајност во напорите за негување и промоција на македонскиот етнички, јазичен, културен и историски идентитет на Македонците во целиот свет. Почитувана претседателке на Република Македонија, Ви упатуваме изрази на највисоко почитување, се нагласува во честитката на Македонското друштво “Илинден”-Тирана потпишана од претседателот Никола Ѓурѓај.

## ТРИНАЕСЕТ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“




Пред точно тринаесет години, на 1. март 2011 година како двоброј (март/април) беше испечатен првиот број од македонскиот весник “Илинден“ како гласило на Македонското друштво “Илинден“- Тирана. Изминативе тринаесет години, весникот предизвика голем интерес кај македонската читателска публика во Република Албанија, во татковината Македонија како и меѓу македонската дијаспора во светот.
Според бројните дописи кои пристигнуваат на електронската адреса на редакцијата од македонски весник “Илинден“ како и комуникацијата преку профилите на весникот на социјалните мрежи со читателите, забележуваме дека во тринаесетгодишниот период весникот прерасна во сериозен медиум од чии вести и теми се напојуваат сѐ поголем и поголем број на корисници од македонското национално малцинство во Република Албанија. Македонскиот весник “Илинден” досега има испечатено 60 изданија, а почнувајќи од март 2017 година, покрај печатената верзија весникот може да се следи и преку своето интернет-издание: www.vesnik-ilinden.com На тој начин нашиот весник стана достапен за целокупната јавност за сите Македонци во Република Албанија, регионот и цел свет. Истата година, од септември 2017 македонскиот весник “Илинден“е стандардизиран според меѓународните норми за печатени и електронски периодични списанија со ISSN 2522-6282 (online) и ISSN 2522-4514 (print) и дел од трите најголеми читачи на вести во Македонија: www.grid.mk , www.daily.mk и www.vesti.mk
Од август 2022 година Македонски весник “Илинден” е член на платформата Алијанса за етички медиуми (AEM) каде членуваат 29 печатени и аудиовизуелни медиуми во Албанија.
Мисијата на нашиот весник и понатаму останува да го поттикнува и одржува во континуитет македонскиот јазик и идентитет во Република Албанија. И понатаму остануваме со вербата дека нашите активности ќе бидат соодветно поддржани од државните институции на Република Албанија и на Република Македонија, како и од Македонците ширум светот. Редакцијата на Македонски весник “Илинден” ја користи оваа прилика да им се заблагодари на сите свои соработници, кои несебично помогнаа во конципирање на тематската и визуелната содржина на весникот. Од тогаш до денес, весникот “Илинден“ дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Република Албанија, и континуирано работи на заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен и културен идентитет и националните традиции на Македонците во Република Албанија. Воедно, Редакцијата се заблагодарува и на верната читателска публика, која со покажаниот интерес кон содржините што ги нуди весникот покажа дека тој навистина ја допре сржта на проблемите на Македонците во Република Албанија и го приближи македонскиот литературен јазик за нивна комуникација, изразување и творење. Да нѝ се множат јубилеите.

Со почит,
Никола Ѓурѓај
Уредник на македонскиот весник “Илинден“

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДЕВЕТ ГОДИНИ РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ




Македонско друштво “Илинден“-Тирана, пред девет години беше примено во Федералната унија на европските националности (ФУЕН) највисоката малцинска организација во Европа. Македонско друштво “Илинден”-Тирана стана прво друштво од Република Албанија рамноправен член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) во конгресот што се одржа на 15. 05. 2015 година во Комотини, Грција, во организија на Федерацијата на западно тракиски Турци во Европа, Здружение на дипломирани студенти на Западна Тракија и Партијата за пријателство, еднаквост, мир, Партија на Турското малцистово во Грција. Од тогаш до денес, Македонско друштво “Илинден”-Тирана дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Република Албанија. Континуирано работи на заштитата на етничкиот, јазичниот, културниот идентитет и националните традиции на Македонците во Република Албанија.

Покрај тоа, Македонско друштво “Илинден”-Тирана редовно учествуваше во овие девет години на сите конгреси на Федералната унија на европските националности (ФУЕН). На сите конгреси, Македонско друштво “Илинден”-Тирана поднесуваше резолуци чија содржина и намера беше подобрување на животот на Македонците во Република Албанија и сите беа освоени од страна на Федералната унија на европските националности (ФУЕН). Истите се пратени до сите државните инситуци на Република Албанија и меѓународни институции кои се поврзани со малцинствата. Овие резолуции придонесуваат за подобрување на положбата на Македонците во Република Албанија.

Македонското друштво “Илинден“-Тирана во функција на рамноправен член во Федералната унија на европските националности (ФУЕН) и како дел од Работната група на словенските малцинства во Европа при Федералната унија на европските националности (ФУЕН), активно го покренува прашањето за Македонците во Република Албанија на меѓународната сцена. Македонското друштво “Илинден“-Тирана во ова прилика упатува искрена благодарност до раководството на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) за соработката и разбирањето покажано за интересите на македонското национално малцинство во Република Албанија.

Истовремено упатуваме искрена благодарност до Македонското меѓународно движење за човекови права од Канада со Претседател г-дин Бил Николов кое помага на Македонско друштво “Илинден“-Тирана да се плати годишната чланарина и да е рамноправен член во Федералната унија на европските националности (ФУЕН).

Да ни се множат јубилеите и пријателствата со сите народи и малцинства во Европа.

## БЛАГОДАРНИЦИ „ИЛИНДЕН“ ЗА МОЈСОВА-ЧЕПИШЕВСКА И АНТОНОВСКИ ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО ВО АЛБАНИЈА



Македонското друштво „Илинден“ од Тирана им додели благодарници „Илинден“ на проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска и ас. м-р Иван Антоновски од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Признанието им е доделено за особен придонес за подобрување на состојбите на македонското национално малцинство во Република Албанија. Од името на Македонците од најголемото македонско друштво во Албанија, плакетите им ги врачи неговиот претседател, Никола Ѓурѓај. Како што е истакнато во образложението, признанието се доделува за особени заслуги со ангажман и постојани активности во насока на зачувување и одржување на националниот идентитет на Македонците во Република Албанија. Преседателот на Друштвото, Ѓурѓај истакна дека и овој пат, за ова традиционално признание биле предложени повеќе институции и поединци, но од предложените се избрани оние кои со својата работа најмногу придонеле за подобрување и дисперзија на сознанијата за животот, историјата и културата и зачувување на автентичната македонска традиција на македонското население во Албанија. Досегашни добитници на признанието се иклучиво најзаслужните за зачувување и одржување на националниот идентитет на македонското малцинство во Албанија, а одлуката годинешни добитници на благодарницата „Илинден’ да бидат и Мојсова-Чепишевска и Антоновски е донесена по повод 15-годишнината од формирањето на Друштвото. При врачувњето на плакетите и искажување на благодарноста што им ја упатуваат Македонците од Албанија, беше остварена и работна средба со Мојсова-Чепишевска и Антоновски. На средбата се разменија идеи и мислења за содејствување во конкретни натамошни активности во областа на филологијата и културата кои се очекува да придонесат за заштита и афирмација на етничкиот, јазичниот, културниот, верскиот

и историскиот идентитет на македонско национално малцинство во Република Албанија. Истовремено, Ѓурѓај разговараше со Мојсова-Чепишевска и Антоновски и за продлабочување на соработка со нив преку неколку проекти кои ќе го зајакнат меѓукултурниот дијалог и ќе претставуваат нови мостови што ќе ги поврзуваат македонската и албанската култура.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦИ "ИЛИНДЕН" НА ЖИВКО ЛАЗАРОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКИ КЛУБ "ИЛИНДЕН"-ЛАЦЕН



Со Одлука на раководството на Друштвото, по повод 15 – годишнината од формирањето на друштвото на г-дин Живко Лазаров, претседател на македонски клуб "Илинден"-Лацен, Ханове, Германија му се додели благодарница "Илинден".
Ми беше чест во името на македонското друштво "Илинден"-Тирана лично да им предадам Благодарница "Илинден" на Живко Лазаров, претседател на Македонски клуб "Илинден"-Лацен, Германија. Во 2012 година Македонско друштво "Илинден"-Тирана и македонски клуб "Илинден"-Латзен имаат потпишано Меморандум за соработка. Разменети беа мислења по повеќе прашања што се во интерес на Македонците во оваа земја и напорите за подобрување на нивните права.
Признанијата се доделуваат на поединци и институции кои со својот ангажман најмногу придонеле за подобрување и дисперзија на сознанијата за животот, историјата, културата и зачувување на автентичната македонска традиција на македонското население во Република Албанија.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОСТАВИ БАРАЊЕ ДО ОПШТИНА ДЕБАР ЗА ПОСТАВУВАЊЕ СПОМЕН ПЛОЧА ВО СЕЛО ЕРБЕЛЕ ЗА ГОРАН СТЕФАНОВСКИ



Македонското друштво "Илинден"-Тирана бара од општина Дебар и Советот на град Дебар во село Ербеле, Административна единица Маќеларе, општина Дебар, да биде поставена спомен плоча за истакнатиот македонски драмски автор Горан Стефановски, по потекло од цело Ербеле, во чест на Македонско националното малцинство кои живеат во селото, во Административна единица Маќеларе.
Фамилијата Стефановски потекнува од селото Ербеле, кое денес се наоѓа во Република Албанија. Неговиот дедо Стрезо и неговара баба Алтана живееле во ова село до преселбата во Скопје, каде имаат изградено една од првите куќи во Дебар Маало. Големо влијание врз творештвото на Стефановски имаше токму потеклото од овој крај и семејната историја. Тој постојано се интересирал и барал историјата на корените на своето семејство и со семејството го посетувал селото Ербеле. Минатата година, за ова беше посветен и фељтон. Комеморативната плоча за Стефановски во селото Ербеле, на три јазици, ќе биде контакт точка за мултикултурните врски меѓу Албанија и Македонија и поттикнување на понатамошни проекти за соработка во културната сфера и ќе помогне да се афирмира село Ербеле како пример за соживот и мултикултурализам. Содржината на плочата ќе биде на албански, македонски и англиски јазик ќе биде следнава:
„Сите живи суштества се раѓаат со инстинкт за преживување. Пајаците, за да преживеат, ткаат мрежи. Луѓето, за да преживеат, ткаат приказни. За нас нема ништо поважно од овие приказни. Тие се сржта на нашиот живот, 'рбетот на нашиот идентитет."

Горан Стефановски
Од селото Ербеле се семејните корени на истакнатиот македонски драмски автор, академик Горан Стефановски (1952-2018).

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА УПАТУВА ЧЕСТИТКИ ДО ПРВАТА ГРУПА СТУДЕНТИ КОИ ГО ЗАВРШИЈА ПРВИОТ ЦИКЛУС ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ВО ТИРАНА




Македонското друштво “Илинден“-Тирана упатува честитки до првата група студенти кои го завршија првиот циклус по македонски јазик на Факултетот за странски јазици во Тирана. Драго ни е што со големиот интерес за македонистиката на Факултетот во Тирана се потврди исправноста на заложбите што нашето Друштво заедно со Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ и неговиот тогашен директор, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска ги оствcaptured во периодот од декември 2022 до септември 2023 година. Со беспоштедната посветеност која тогаш ни ја врати вербата во македонска високообразовна институција и со сите чекори што во содејство со Семинарот тогаш се презедоа овозможија да дојде до овој миг кога повторно, на високообразовна институција во Тирана може да се изучува македонистиката.

Сепак, изразуваме жалење што по промените на раководството на Семинарот, можностите што се обезбедија до септември 2023 година, македонскиот јазик да може да се изучува и во рамките на самите студии, а не само како дополнителен курс, не се искористија и што сега, македонистиката се изучува само преку курс. Нашите заложби беа и се во насока да се дочека денот кога во Тирана ќе има и Катедра за македонски јазик и книжевност, и затоа, и покрај случувањата, по промените, убедени сме дека ќе го дочекаме и тој ден, со нови перспективи за академската и меѓукултурна соработка меѓу Албанија и Македонија.

Се надеваме дека дел од оние студенти што сега, благодарение на заложбите што со Семинарот ги остваривме до септември 2023 година, можат да учат на Лекторат по македонски јазик, се оние што во времето што е пред нас ќе застанат зад иницијативите за натамошен развој на македонистиката во Албанија.

Посакуваме да се случи македонскиот јазик да започне да се изучува и на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Фан С. Ноли” во Корча. Долго има најави дека тоа ќе се случи, и според последните информации станува збор за курс, а не за составен дел од основните студиски програми. Убедени сме дека ако се настапува со посветеност со каква што настапи нашето Друштво раководено од претседателот, Никола Ѓурѓај и со огормните заложби какви што направи Семинарот до септември 2023 година со тогашното раководство, бариерите би можеле да се тргнат и во Корча.

За жал, ние и претходното раководство на Семинарот со кое ги отворивме вратите за македонистиката во Тирана не сме дел од актуелните процеси, и иако не се валоризира нашиот влог, Македонското друштво “Илинден“-Тирана постојано е тука за сите студенти што го избраа и со оние што во иднина ќе го изберат курсот по македонски јазик. Тука сме да ги поддржиме во нивната определба за афирмација на македонистиката и веруваме дека ќе успееме во целта.

Целото членство на Друштвото и претедателот Ѓурѓај упатуваат срдечни честитки до сите студенти од Тирана што добија прв сертификат за изучување на македонскиот јазик на курсот на Лекторатот по македонски јазик на Факултетот за странски јазици во Тирана.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПОДНЕСЕ БАРАЊЕ ДО АЛБАНСКАТА ВЛАДА КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА ДА ПРЕРАСНЕ ВО АГЕНЦИЈА




Македонското друштво “Илинден“-Тирана поднесе барање до албанската Влада досегашното тело Комитет за национални малцинства, од консултативно тело на владата да прерасне во Агенција за национални малцинства со посериозни и обврзувачки ингеренции за афирмација на националните малцинства во Република Албанија.

„Комитетот за националните малцинства е формиран во 2004 година од страна на албанската Влада како централна институција зависна од Владата, со задача да ја подобри заштитата на малцинствата во земјата. Членуваат претставници на сите признати малцинства во земјата, вклучително, од самото формирање имаме и македонски претставник“, изјави Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото.

Но, додава, како што е утврдено во многу извештаи на меѓународни институции кои се занимаваат со правата на малцинствата, оваа институција е подложна на политичко мешање, што, според него,

резултира со негова целосна контрола од извршната власт и нејзина трансформација од тело за заштита на малцинствата, во тело штетно за дијалогот меѓу Владата и малцинствата. Затоа, сметаме дека Комитетот за националните малцинства треба да биде независен и активен глас на малцинствата, со способност да учествува во дијалог со Владата за заштита и подобрување на правата на малцинствата во Албанија, а неговата работа да биде јавна и присутна на медиумите во државата, посочува тој.
До реализација на ова барање, Друштвото од име на Македонците посакува Комитетот за национални малцинства да покаже поголема активност за малцинствата, и секако за македонско национално малцинство во Република Албанија, а не да биде во сенка, додавајќи дека ова владино тело треба да ги воздигне малцинствата и да им помага во подобрување на состојбите во Република Албанија.

## ПОМИНА ПОВЕЌЕ ОД ЕДНА ГОДИНА, ПОВЕЌЕЈАЗИЧНАТА ТАБЛА СÈ УШТЕ НЕ Е ПОСТАВЕНА ВО КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА




Македонско друштво “Илинден“-Тирана на 31. 01. 2023 година испрати барање бр. 953/2023 до Комитетот за национални малцинства за поставување на повеќејазичната табла во Комитетот за национални малцинства. На 10.02.2023 година Комитетот за национални малцинства одговори на барањето со бр. 38 дека ќе се земе предвид барањето, но помина повеќе од една година, а таблата не е поставена. Повеќејазични табли беа поставени одамна во институцијата на Комесарот за заштита од дискриминација и Народниот правобранител. Македонското друштво “Илинден“-Тирана ги поздрави овие институции кога ги поставија нивните плакети на јазиците на националните малцинства. Македонското друштво “Илинден“-Тирана бара Комитетот за национални малцинства да постави повеќејазична табла, како што направиа институцијата Комесар за заштита од дискриминација и Народниот правобранител.



## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГО АКТУЕЛИЗИРА БАРАЊЕТО ЗА 24-ЧАСОВНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ЏЕПИШТЕ –ТРЕБИШТЕ




Македонското друштво “Илинден“-Тирана повторно го актуелизира барањето Владите на Албанија и Македонија, да го реализираат договореното, граничниот премин Џепиште – Требиште во областа Голо Брдо да функционира 24 часа. Бараме од Владите на Албанија и Македонија целосна функционалност на граничниот премин Требиште – Џепиште во областа Голо Брдо, што е неопходно потребно за да може луѓето полесно да комуницираат од двете страни на границата. Со тоа ќе им се помогне многу на Македонците од областа Голо Брдо, зашто ќе се зголеми економската соработка меѓу жителите од двете страни на границата, а и поголем број туристи ќе ја посетуваат областа, која располага со многу природни убавини и културно историски споменици, изјави Никола Ѓурѓај, претседател на друштвото.
Потсетуваме дека на заедничката седница на Владите на двете земји, одржана во Поградец на 15 декември 2017 година, донесена била одлука овој премин да работи 24 часа и оти тоа сè уште не е реализирана. Преминот беше отворен во мај 2013 година и право да го користат имаат само жителите од граничниот регион. По изградбата на асфалтен пат од албанска страна се патува и со моторни возила. Во летниот период, односно од 1 април до 31 октомври, работи од 8 до 20 часот, додека во останатиот период, односно од 1 ноември до 31 март, од 8 до 18 часот. Последните години се забележува зголемена фреквенција, што продолжува и во првите два месеца, кога се регистрирани вкупно 7.052 патника што е за над 15 отсто повеќе, споредено со истиот период минатата година. Според статистиката на македонското министерство за внатрешни работи на влез регистрирани се вкупно 3.643 додека на излез 3.409 патници. Одделно, на влез регистрирани се 165 а на излез 150 македонски и 3.478 странски државјани на влез, односно 3259 на излез.

## ОБЈАВЕНА КНИГА ОД СПИРО ДУКОВСКИ “ПОСЛЕДНИТЕ ПРАВОСЛАВНИ СЕМЕЈСТВА ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ДЕБАРСКО ПОЛЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА”




Спиро Дуковски, Македонец од Албанија на македонски јазик ја објави книгата “Последните православни семејства во подрачјето на Дебарско поле во Република Албанија”. Во поголемиот дел од книгата се прикажуваат родовите стебла на фамилиите кој порано живееле во овој крај. Се зборува за период над 150 години наназад и се прикажани членовите од 5-то до 8-мо поколение со кратки податоци за секој член од фамилијата (споменати се над 6500 личности). Исто така, се покажува и поврзаноста со другите фамилии и за некој е прикажано и по женска линија. Кој потекнува од овој крај и сака да ја има ова книга, да дознае за неговото потекло, за неговите корени, за поврзаноста со неговите роднини, за историјата на крајот на неговите предци и сака да има нешто напишано, за себе, за неговите деца, внуци и поколенија, да не се заборааат корените, нека се јави кај авторот Спиро Дуковски.

## „СО НИВ ПОРАСНАВ“, НАМИК ДОКЛЕ НАПИША 52 ЛЕГЕНДИ ОД ГОРА, ОБЛАСТА ШТО ГИ ОБЕДИНУВА АЛБАНИЈА, МАКЕДОНИЈА И КОСОВО



Во Академијата на науките во Албанија беше промовирана книгата на Намик Докле „Танц со месечината“ со 52 легенди пренесени усно од областа Гора. Писателот на промоцијата имаше можност да се претстави пред значајни културни личности, но и клучни фигури на Социјалистичката партија
Писателот Намик Докле уште од детството слушал за најубавите девојки „Перите“ од Гора, со кои жена разговарала и го повикувале на орото. Исто како и за останатите 51 легенда што ги резимира во книгата „Танц со месечината“, која овој четврток ја промовираше издавачката куќа „Тоена“ при Академијата на науките. „Голем дел од нив ги слушнав од луѓето со кои пораснав, баби, прабаби итн., дел од тие балади кои се пеат и раскажуваат до денес, додека дел од последните остатоци од изгубени легенди. И сакав да ги оживеам оние што можеа да се изгубат и оние што имаа подолг животен век, да ги донесам меѓу луѓето, меѓу читателите, за тие бисери на духовната конструкција, каде што пораснав, да останат што подолго“ - вели писателот Намик Докле.
- О, Дервиш, што не потсетува на тие дамнешни времиња. Областа Гора во срцето на Европа, која, како што пишува авторот, „жителите мислат дека е крај на светот“, се појавува на корицата преку сликата на Пашк Перват, додека легендите од внатрешната страна се илустрирани со Дритан Наси оваа книга на Доклеш ги буди културните вредности на духовноста на овој крај, кој ги обединува Албанија (9 села), Косово (18 села) и Македонија (две села). „Поделени на три држави, во 9 села во Албанија, 18 села во Косово и две во Македонија, особено во Косово најпознато е дека една од ѕвездите на косовското знаме е токму за Гора и Горанite. Мора да направиме нешто повеќе. На пример, овие легенди се објавуваат за прв пат, тие првпат ја гледаат светлината на сонцето, никогаш не се напишани во ниедна книга, емитувани на ниту едно радио или телевизија, па и јас сум придонел за да не умре“, вели Докле.
Гора, како што елаборира Докле, со ова име се среќава во документите од 1348 година, но книгата привлекува внимание и на јазикот што го зборуваат Гораните, необработен во училиштата и книгите. „Претходно не знаев, по промоцијата на книгата запознав професор по литература од моето село Борје, кој ми кажа дека овие легенди ги превел на Горанче, токму за да го одржи во живот овој тип јазик, кој е многу посебен. јазик на она што Конвенцијата на Советот на Европа го нарекува мали јазици, но кои се во опасност да бидат изгубени. Конвенција има, но конвенциите не функционираат ако не се напишани во книги“, додаде Докле.
Во презентацијата на книгата денеска се вклучија и академици, истражувачи и други културни личности. Имаше и многу клучни политички фигури на Социјалистичката партија, кои, како што велат, покрај книжевниот и политичкиот придонес, на таков ден посебно ги обединуваат човечките вредности на авторот. Докле вели дека понекогаш „она што политиката го уништува, литературата го обединува“. „Не само литература, туку и пријателство. И мислам дека толеранцијата, договорите, човечките односи пред се ја разубавуваат политиката, бидејќи да не беа човечките односи, да не беа културата, особено духовната култура, познавањето на материјалната култура на луѓето, на различните провинции тие доаѓаат од политичарите. , тогаш политиката би била дива. Токму овие духовни елементи на пријателството, на општеството, на соработката, на разбирањето ја разубавуваат и омекнуваат политиката“, вели тој понатаму. Легендите за Гора инспирираа и ќе станат првиот преглед за други романи на авторот Намик Докле.

## ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НА НОВ ПАТЕН ПРАВЕЦ ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ОБЛАСТА ГОРА



Албанскиот премиер Еди Рама на Фејсбук го објави отворањето на нов патен правец меѓу Косово и Албанија во пограничниот регион Хас. Рама објави фотографии од новиот пат Добруна-Блиниште, додавајќи дека неговата изградба е резултат на обврската преземена на заедничката средба меѓу владите на Косово и Албанија. Отворен е патот Добруна-Блиниште, Хас, на границата Албанија – Косово. Обврска преземена за време на заедничката средба меѓу Владата на Албанија и Владата на Косово, која веќе ги зближува нашите две земји не само физички, туку и економски преку олеснување на движењето на граѓаните од двете страни на границата, напиша Рама. Патот поврзува села од областа Гора од двете страни на границата. Шест села се од албанска страна и територијално припаѓаат на округот Кукс. Селата во југозападно Косово се во општините Призрен и Драгаш. Главен граничен премин меѓу двете земји е Морина – Врмица, која го поврзува албанскиот град Кукс со косовскиот град Призрен. Од минатиот месец, во период од 9 месеци, како и за сите празници и викенди, албанските и косовските граѓани минуваат без контрола, врз основа на договорот меѓу министерствата за внатрешни работи. Во областа Гора на Косово распослани се 18 села, населени со Македонци со муслиманска вероисповест.

## СЕ РЕСТАВРИРА ПЕШТЕРСКАТА ЦРКВА „СВЕТА БОГОРОДИЦА“ НА ОСТРОВОТ МАЛ ГРАД ОБЛАСТА МАЛА ПРЕСПА



Со европска донација се реставрира црквата „Света Богородица“ на островот Мал Град, областа Мала Преспа, под надзор на Регионалната дирекција за национална култура од Корча.
„Во тек е реставрацијата на црквата Света Богородица на островот Мал Град, каде на виделина излегуваат дел од извонредни византиски фрески. Во исто време се поставува и надворешната врата, изработена врз основа на оригиналната, која се наоѓа во Музејот на средновековна уметност во Корча“ - објави општина Пустец.
Со овој прекуграничен проект кој е продолжение на проектот „SmartCulTour“ ќе биде санирана и патеката до неа, а ќе биде поставено и осветлување на островот, информираа од општина Пустец.

## ИНТЕРВЈУ НА НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЗА ЦЕНТРАЛНИОТ СОВЕТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГЕРМАНИЈА



**Кои значајни пресвртници и успеси успеавте да ги постигнете досега како претседател на Македонско друштво “Илинден”-Тирана?**

**НЃ:** Идејата за формирање на македонското друштво “Илинден”-Тирана дојде од неколкумина млади Македонци, а целта беше поинакво дејствување од дотогаш практикуваното, за заштита и афирмација на Македонците во Република Албанија. Еве, 15 години од формирањето на македонското друштво “Илинден”-Тирана се бори за заштита на правата на Македонците во Република Албанија, но и за афирмација на македонскиот етнички, јазичен, културен, верски, историски и државен идентитет на Македонците во Република Албанија. Како претседател, заедно со моите соработници, имавме можност да оствараме голем број работни и официјални средби со политички и општествени фактори. Се среќававме и соработувавме со владини и невладини институции како во Република Албанија, така и во матичната држава Македонија. Не помалку активно работевме на развивање на соработка со меѓународни организации. При сите средби со претставниците на државните институции во Република Албанија, во матичната држава Македонија и во европските институции, ги искористивме сите пригоди за размена на мислења за важни прашања за унапредување на положбата и правата на Македонците во Република Албанија. Иако не секогаш постигнувавме заедничко или задоволително решение за одреден проблем, сепак, изразувам благодарност на сите државни институции во Република Албанија, во татковината Македонија и низ светот. Голем успех е членството во Федералната унија на европските националности (ФУЕН). Сметам дека е потребно да истакнам дека македонското друштво “Илинден”-Тирана е првото друштво од Република

Албанија формирано од малцинствата и од сите македонски друштва низ Европа, кое е рамноправен член на ФУЕН од 16 мај 2015 година и е дел од Работната група на словенските малцинства при ФУЕН. Како активен партиципант во ФУЕН, членови на друштвото досега учествуваа на сите конгреси и поднесуваа резолуции, што придонесува Македонско друштво “Илинден”-Тирана да биде силен глас на Македонците во Република Албанија. Еден од големите успеси на македонското друштво “Илинден”-Тирана е тоа што од новата академска 2023/2024 година ќе може повторно да функционира Лекторат по македонски јазик на Факултетот за странски јазици на Универзитетот во Тирана. Заедничките залози на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (МСМЈЛК при УКИМ) и Македонското друштво “Илинден”-Тирана, за остварување на иницијативата за повторно отворање на Лекторатот, дадоа конкретни резултати. Со официјален допис упатен до Македонското друштво “Илинден“, Деканатот на Факултетот за странски јазици при Универзитетот во Тирана, претставен од деканката, проф. д-р Есмералда Кромида, даде позитивен одговор на барањето за повторно отворање на Лекторатот.

**Можете ли да ни пренесете за предизвиците со кои се соочува македонското малцинство во Албанија и како сте придонеле за нивното надминување?**

НЃ: Слободно можеме да кажеме дека за Македонците во Република Албанија најголем проблем е немањето на право на образование на македонски мајчин јазик во областите Голо Брдо и Гора, како и во поголемите градови, како Тирана, Елбасан, Корча, Билиште, Поградец. За жал, само во Мала Преспа македонските деца учат на мајчин јазик, и тоа само во основно и средно образование. Воочувајќи го ова како голем проблем за Македонците во Албанија, поднесовме иницијатива за реактивирање на лекторатот по македонски јазик во Тирана. Сме многу среќни што во Тирана има Лекторат по македонски јазик, и се надеваме дека ќе се подигне иницијатива за претворање на лекторатот во катедра по македонски јазик. Друг голем проблем за Македонците во Голо Брдо е работното време на граничниот премин Џепиште – Требиште, кој беше отворен во мај 2013 година. Владите на Република Македонија и на Република Албанија, на заедничката седница одржана во Поградец на 15 декември 2017 година, донесоа одлука граничниот премин Џепиште – Требиште да работи 24 часа. И покрај тоа, оттогаш до денес преминот не работи 24 часа, туку со редуцирано работно време. Во неколку наврати, ние како друштво баравме овој граничен премин да работи постојано, поради потребите на граѓаните од двете страни на границата, но досега нема позитивно решение за проблемот. Друг голем проблем за Македонците во областите Голо Брдо, Гора и Мала Преспа претставува патната инфраструктура, која е главна причина за слабиот економски развој на овие области, населени со македонско население. Во катастрофална состојба е и здравствената заштита во населените места, бидејќи или нема објекти за таа намена или се во исклучително лоша состојба. Македонците од областа Голо Брдо имаат големи проблеми поради тоа што во 2014 година Владата на Република Албанија ги укина општините Требиште, Острени и Стеблево, за првите две да ги приклучи кон општината Булќиза. Укинати се и општините Шиштевац и Запот во областа Гора, кои сега се приклучени кон општината Кукс. На тој начин, единствена македонска општина во Република Албанија остана општина Пустец во областа Преспа. И покрај сите барања и аргументи на претставниците на македонската заедница во укинатите општини во 2014 година, индивидуално или преку македонското друштво “Илинден”-Тирана и македонското друштво “Илинден”-Огранок Голо Брдо, барања за формирање на општините Голо Брдо и Гора сѐ уште не добија одговор.

**Кои стратегии сте користеле за засилување на свеста за потребите на македонското малцинство, како на локално така и на национално ниво?**

**НЃ:** Основните задачи на Македонското друштво “Илинден“-Тирана се утврдени како заштитата и афирмацијата на македонскиот етнички, јазичен, верски, културен и наследство на Македонците во Република Албанија. Друштвото работи на промоција и афирмација на македонскиот етнички, јазичен, верски, културен и наследство, организирање на фолклорни фестивали, курсеви по македонски јазик, штампање на различни промотивни материјали. Македонскиот весник “Илинден” игра значајна улога како промотор на сите Македонци во Република Албанија.

**До која мера работата на Македонско друштво “Илинден”-Тирана допринесе за подигнување на културниот идентитет и образованието на македонската заедница во Албанија?**

**НЃ:** Македонското друштво “Илинден“-Тирана, во своите 15 години постоење, работи на промоција на македонскиот етнички, јазичен, верски, културен и наследство на Македонците во Република Албанија. Таа продолжува со оваа работа и во иднина.

**Кои моментални предизвици стојат пред македонското малцинство во Албанија и како планирате да ги преодите?**

**НЃ:** Најголемиот предизвик за Македонците во Република Албанија е асимилацијата и иселувањето од областите Голо Брдо, Преспа, Гора и Врбник, како и од полеглемите градови. Планираме да работиме на

подобрување на ситуацијата во тие области за задржување и развој на македонската заедница.

**Каква улога игра Македонско друштво “Илинден”-Тирана во поддршка на интеркултурниот дијалог и соработката помеѓу различните етнички групи во Албанија?**

**НЃ:** Македонското друштво “Илинден“-Тирана има соработка со организации што претставуваат различни етнички групи во Република Албанија и промовира интеркултурниот дијалог и соработката за добро на малциствата во знак на взајмено почитување и соработка.

**Како би ги оцениле влијанието на политичкиот развој на Албанија врз правата и состојбата на македонското малцинство?**

**НЃ:** Политичкиот развој на Република Албанија има влијание и на малциствата, вклучително и на Македонците. Малциствата, вклучувајќи го и македонското малцинство, треба активно да се вклучат во политичкиот процес за да се подобри нивната состојба.

**Како изгледа соработката помеѓу Македонско друштво “Илинден”-Тирана и другите организации, како на пример Централниот совет на Македонците во Германија, и кои други организации играат значајна улога во постигнување на вашите цели и проекти за македонското малцинство во Албанија?**

**НЃ:** Македонското друштво “Илинден“-Тирана работи во соработка со другите македонски организации. Во 2012 година потпишавме меморандуми за соработка со Македонскиот клуб “Илинден”-Лацен, Германија, а на 30 мај 2023 година потпишавме Меморандум за соработка со Централниот совет на Македонците во Германија. Целта на овие соработки е промоција на македонските национални, традиционални и историски вредности на национално и меѓународно ниво. Овие партнерства имаат за цел да реализираат заеднички проекти како истражувања, креирање, развој и промоција на македонската култура, размена на деца и младинци како учесници во разни манифестации, како и промовирање и поддршка на научни, културно-уметнички, спортски и хуманитарни активности и манифестации.

**Во име на Централниот совет на Македонците во Германија, ви благодариме за разговорот и за соработката. Ви посакуваме личен и професионален успех, особено во соработката со нас од Централниот совет на Македонците во Германија.**

**НЃ:** Ви благодариме на вас за оваа можност. Исто така, ви посакуваме успех и како партнери да ги зголемиме нашите заеднички настапи, а соработката со вас ке биде од големо значење за нас. Благодарам ви за интервјуто и за соработката.

**Централниот совет на Македонците во Германија**

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

# ЗАПОЗНАЈ ЈА ОБЛАСТА ГОЛО БРДО










**Голо Брдо**







